СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 50. седница**
**4.5.2023 година**
**Точка на дневен ред бр. 6**

**ПРЕДЛОГ**

# ОДЛУКА

## за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2022 година на Стопанска Банка а.д. Битола

**Битола, 2023 година**

Врз основа на член 45 од Статут на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст) СО бр. 02-19821/1/II-2 од 11.11.2020 година, Собранието на Стопанска банка а.д. Битола на својата 50 редовна седница одржана на ден 4.5.2023 година донесе:

# ОДЛУКА

**Член 1**

Се УСВОЈУВА Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2022 година на Стопанска Банка а.д. Битола, со што остварената добивка по Годишната сметка за 2022 година во износ од 29.945.264,00 денари се распоредува како што следува:

- 29.945.264,00 денари се распоредува во акумулирана добивка ограничена за распределба на акционерите.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за поддршка и финансии да ја реализира Одлуката.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила на денот на усвојување од страна на Собранието на акционери.

**СО бр.__________**
**Битола, 4.5.2023 година**

**Стопанска банка а.д. Битола**
**Собрание на акционери**
**Претседавач**

______________________________

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Стопанска Банка а.д. Битола во согласност со законските прописи изготви Годишна сметка за 2022 година, при што утврди добивка пред оданочување во износ од 32.773.098,00 денари, од која по одбивањето на данокот на добивка во износ од 2.827.834,00 денари, останува добивката по оданочување во износ од 29.945.264,00 денари која се распоредува како што следи:

Имајќи ги предвид одредбите на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот и критериумите кои што треба да ги исполнат позициите кои што се дел од основниот капитал, овој износ е безусловно неповратен, односно не постои можност за негово откупување, повлекување или исплата. Овој износ Банката ќе го евидентира во задржана добивка ограничена за распределба на акционерите, односно на конто 90601 - Задржана добивка - Ограничена за распределба на акционерите.

Распоредувањето и употребата на добивката се вршат во согласност со членовите 18 и 22 од Статутот на Банката и членовите 36, 483, 485 и 487 од Законот за трговските друштва.

Во согласност со споменатите членови, добивката по оданочување во износ од 29.945.264,00 денари се предлага да се распореди во акумулирана добивка ограничена за распределба на акционерите, која не може да се искористи за исплата на дивиденда, а може да се искористи за покривање на загуба или за зголемување на основната главнина со запишување акции.

Надзорниот одбор на Банката на својата 5. редовна седница одржана на 27.3.2023 година ја одобри Предлог–одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2022 година на Стопанска банка а.д. Битола.

Имајќи го предвид изнесеното, се предлага Собранието на Банката да ја усвои предложената Одлука.

**НО бр. 02-4603/1/II.2-5**
**Битола,27.3.2023 година**

**Стопанска банка а.д. Битола**
**Надзорен одбор**
**Претседател**
**м-р Миле Зечевиќ**

_______________________